ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕДИЈАТРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

# **Б А Р А Њ Е**

Бараме дефинитивно решавање на статусот на педијатрите согласно Законот за Здравствена Заштита. Би сакале да нагласиме дека *Здружението на Педијатрите на Македонија* нема ништо против во Македонија да се создаваат специјалисти по семејна медицин на амбулантско ниво, тие треба да функционираат како дел од мултидисциплинарните тимови заедно со педијатрите и гинеколозите.

Со оглед на фактот што Македонија е мала земја со 2.052,722 жители и со промени во старосната структура на населението со околу 12 % население над 65 годишна возраст. Во периодот од 1998-2008 година учеството на младото население (0-14год.) во вкупното население е намалено од 23.1 % на 18.1%. Во периодот од 1999-2009 год. има пад на раѓањата со што се намалува стапката на наталитет. Тоа не обврзува уште повеќе да ја зајакнеме грижата за квалитетна здравствена заштита на младото население во нашата земја.

Политиката на ЕУ и СЗО упатува на начела за современа здравствена заштита, а тоа се: достапност, ефикасност, правичност и обезбедување на квалитетен и сигурен здравствен систем. Затоа ги предлагаме следниве ставови:

***Став 1***: Целокупната здравствена заштита на децата до наполнета 18 годишна возраст, во примарната диспанзеска и болничката-секундарна и терцијална здраствена заштита ја спроведуваат специјалисти педијатри.

***Став 2:*** Во транзициониот период (поради недостаток на педијатри), најчесто во руралните региони, здраствената заштита на децата до 18 години, ја спроведуваат постојните специјалисти по училишна медицина, или лекари по општа пракса или семејна медицина.

***Став 3***: Мрежата на здрасвтени установи - ординации -диспанзери, ја определува Министерството за здраство на Р.Македонија.

***Став 4***: Кадровската политика ја определува Министерството за здравство.

***Став 5***: Специјализацијата ја финансира работодавателот т.е. државата преку фондовите за здравствено осигурување, фондот на министерството за здравство, фондовите за превентивна и куративна заштита на општините и се разбира при недостаток на средства и од буџетот на Р.Македонија како и во локалната самоуправа.

***Став 6***: Дозволена е и приватна специјализација.

## ДОЗВОЛЕТЕ

Природното и уставно право на децата, за грижата за нивното здравје и во иднина како во претходните 65 години е да се грижат **педијатрите** за целокупната здравствена заштита, превентивна и куративна едуцирани по програмата на Академијата на Педијатрите на Европската Унија, бидејќи *Педијатрите се еден од столбовите на здраво општество затоа што генерираат здраво поколение за здрава иднина.*

Постои огромна подршката за опстојување на педијатрите во примарната здравствена заштита од страна на населението пред се родителите, јавни

Министерот за здравство да предложи повторно воведување на член 33 од Предлог Законот за здравствена заштита од јануари 2011 година со дополнување на членот 33 со горе наведените ставови.

институции и поедници.

Со почит!

**Здружение на Педијатри**
**на Република Македонија**

Доставено до:

- Влада на Република Македонија,

- Премиерот на Р.Македонија Г-дин Никола Груевски
- Фонд за здравствено осигурување.